Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-156/5
03-05-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-156/1 од 9.2.2023 година поднесена од [redacted] за [redacted]д Валандово против Управата за водење на матични книги, за извршена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 28.4.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование во областа на работата и работните односи сторена од страна на Управата за водење на матични книги врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка заведена под бр. 08-156/1 од 9.2.2023 година од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи од страна на Управата за водење на матични книги (**"УВМК"**).

Согласно наводите од претставката, подносителката е вработена во Управата за водење на матични книги, Подрачна Канцеларија Валандово како [redacted],ина. Има завршено високо образование на [redacted] факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, поконкретно на насоката [redacted] Подносителката конкурирала на Оглас бр. [redacted]а Советник во подрачна канцеларија на одделение за матично работење, Подрачна Канцеларија Валандово, Одделение за матично работење Струмица, Сектор за управно-надзорни работи од областа на матичното работење, планирање и анализа. Смета дека изборот по споменатиот оглас бил дискриминаторски.

Имено, подносителката наведува дека на споменатиот оглас, во посебни услови е наведен потребниот вид на образование на кандидатот, и тоа ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки, Одбрана или Јавна управа и администрација или организациони науки и управување (менаџмент). Во врска со овој услов, таа напоменува дека насоката на која го стекнала своето високо образование, односно е-бизнис, е наука од областа на менаџментот и организациските науки, што ја прави компетентна за работното место од споменатиот оглас. Меѓутоа, како што наведува, од Агенцијата за администрација и била одбиена апликацијата поради несоодветно образование, иако прикачила Уверение за завршено образование како доказ.

Исто така, вели дека сето ова го има наведено во Барање за промена и надополнување на систематизацијата на работни места при УВМК, доставено до директорот на Управата, а кое барање се однесува за конкретното работно место за кое аплицирала таа, за кое вели дека е распишан огласот без промена на систематизацијата. Како доказ приложува извадок од веб страната на УВМК, каде како последна измена на систематизацијата стои онаа во 2017 година. Во одлуката за извршен избор на кандидат за работното место, пак, наведено е дека

кандидатот е избран според Систематизацијата на работни места од 2015 година и измените и дополнувањата од 2022 година, меѓутоа таквите измени вели дека не се објавени.

Подносителката на претставката натаму истакнува дека во ПК Валандово била овластен потписник кој ја извршува должноста на работното место од споменатиот оглас од 2015 до 2017 година и од август 2022 година повторно била назначена за овластен потписник во ПК Валандово од страна на директорот на УВМК. Сето ова, како што наведува, ја прави компетентна и со потребното работно искуство за работното место Советник.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.2.2023 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката до Управата за водење на матичните книги. Од причина што и по истекот на законскиот рок сè уште не беше пристигнат одговор од страна на Управата, а со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на ден 15.3.2023 година испрати Барање за вршење на увид до Управата. На 10.4.2023 година членот на Комисијата [redacted]ствари средба со директорот на Управата и вработени во правната служба, при што беше потенцирана потребата од правилно утврдување на фактичката состојба со цел носење на кредибилно мислење.

На ден 18.4.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Управата за водење на матичните книги како одговор на претставката.

Како одговор од Управата, беа испратени:

- Одлука бр. [redacted]дина, донесена од Агенција за администрација по поднесена жалба од [redacted]
- Извадок од актот за систематизација на работни места во УВМК, за Подрачна канцеларија за матично работење Валандово.

Од наводите на претставката, одговорот на истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека во конкретниот случај не била сторена дискриминација.

Првенствено, видно од Одлуката на Агенција за администрација, [redacted] аплицирала на јавниот оглас за вработување на административен службеник бр. [redacted] по што добила идентификациски код [redacted]натаму нејзината апликација била одбиена во првата фаза од селекцијата како некомплетна. Ова се должело на фактот што кандидатката: 1) немала соодветен вид на образование и 2) немала извод од историјатот на вработување, издаден од Агенцијата за вработување. Обата услови биле предвидени со јавниот оглас.

Имено, на јавниот оглас како посебен услов бил предвиден потребниот вид на образование на кандидатот, и тоа ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Правни науки, Одбрана или Јавна управа и администрација или организациони науки и управување (менаџмент). Агенцијата за администрација утврдила дека кандидатката со идентификациски код [redacted] приложила доказ за завршено високо образование во област која, според Меѓународната Фраскатиева класификација, не е дел од подрачјето организациони науки и управување (менаџмент), туку спаѓа во подрачјето на Економски науки. Следствено, било констатирано дека нејзиното образование не е соодветно на видот на образование предвиден во огласот.

Дополнително, кандидатката во нејзината апликација за конкретното работно место не доставила извод од историјат на вработување, издаден од Агенцијата за вработување, што исто така било предвидено како посебен услов на огласот. Имено, во огласот е наведено дека потребно е кандидатот да има „најмалку 3 (три) години работно искуство во струката". Согласно член 5 од Законот за административни службеници, „„Работно искуство во струка" е периодот евидентиран во Агенција за вработување како работен стаж кој вработениот го поминал во работен однос после стекнување на определен степен и вид на образование и во кој вршел работи и работни задачи за кој е потребен таков степен и вид на образование". Ова упатува на тоа дека како доказ во апликацијата за нејзиното работно искуство, не било доволно кандидатката да прикачи само потврда од Агенцијата за вработување дека е вработена во Управата за водење на матичните книги од 2014 година, туку извод од историјат на вработување, издаден од Агенцијата за вработување.

Сето ова, пак, укажува на фактот дека подносителката на претставката не била ставена во понеповолна положба, ниту третирана понеповолно во однос на останатите кандидати. Односно, во првата фаза (административната селекција, која меѓудругото се состои и од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите во јавниот оглас) единствено се утврдило дека нејзината апликација била некомплетна, па следствено на тоа била одбиена и не поминала понатаму кон втората и третата фаза од постапката за селекција. Дополнително на ова, нејзината апликација во првата фаза била разгледувана под идентификациски код, односно нејзиниот идентитет не бил познат.

Следствено на ова, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите"*.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето и утврди дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација врз основа на образование во областа на работата и работните односи од страна на Управата за водење на матичните книги.

Скопје
28.4.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

- ландово
- Управа за водење на матичните книги, оул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 влез 1, 1000 Скопје